ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 17 ДАТА 05.08.2020 ГОДИНА 38

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 17 ДАТА 05.08.2020 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 04.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „МАКЕДОНИЈА ЃП 1932 АД„ Скопје: Благојевски Л. Марио од ФК „Кадино„ од с. Кадино и Тасев Стефан од ФК „Вардар АД„ од Скопје, по член 35/3. Настевски Марио од ФК „Скопје АД„ од Скопје, по член 35/10.

- **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерите: Мишевски Филип, Божиновски Боби, Ермедин Адем, Филиповски Кристијан и Китановски Томе склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

Фудбалскиот клуб „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерот Бенјамин Демир склучија договор за вработување на фудбалер за профеисонално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година и 6 (шест) месеци до Зимски преоден рок 2022 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Сантос Росевалдо Антонио Барбоса Андерсон од ФК „Ботев„ од Пловдив, Република Бугарија за ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува и професионалниот договор од 1 (една) година и 6 (шест) месеци склучен помеѓу ФК„Македонија ЃП 1932 АД„ Скопје и фудбалерот Сантос Росевалдо Антониот Барбоса Андерсон.

Не се објавува професионалниот договор склучен помеѓу „ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје и фудбалерот Денис Стошич, поради недоставување на документи од Агенцијата за вработување М1 и М2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 04.08.2020 година**

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар фудбалерот Исени М. Хали од Фудбалскиот клуб „Арсими 1973„ од с. Чегране, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Дополнување на документација од**
**Седница од 30.07.2020 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ШКЕНДИЈА АД„ Тетово: Дита Илир Бруно од КФ „Скендербеу„ Корча, Република Албанија, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Шкедниja АД„ од Тетово и фудбалерот Дита Илир Бруно склучија договоор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2022 година.

**Седница од 03.08.2020 година**
**за ОФС Тетово**

- **Прием на фудбалски клуб во ОФС:**

Се прима во членство во Општинскиот фудбалски сојуз Тетово Фудбалскиот клуб „Лабуништа 2011„ од с. Лабуништа од Општинскиот фудбалски сојуз Струга, поради промена на седиштето на клубот, врз основа на член 5-в од Правилникот за регистрација статус и трансвер на фудбалери на ФФМ, согаласно Решението од Лиценцната комисија на ФФМ број 11-164/1 од 16.07.2020 година, Решението од Централниот регистер ЕМБС број 6722067 од 21.07.2020 година, Решениетио од Комисијата за регистрции на клубови и фудбалери при ОФС Струга број 03-98 од 25.07.2020 година и Решението од Комисијата за регистрација на клубови и фудбалери од ОФС Гостивар за Општинскиот фудбалски сојуз Тетово број 0204/216 од 03.08.2020 година. Во иднина ФК „Лабуништа 2011„ е со седиште во Тетово на ул. „Благоја Тоска„ бр. 1 Тетово и е член на Општинскиот фудбалски сојуз Тетово.

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЛАБУНИШТА 2011„ Тетово: Алиески Рашид,Абазоски Арбен,Асаноски Хатаб, Бајрамоски Харун, Беќироски Анел, Делиоски Цвете, Ѓоноски Оливер, Кормакоски Харис, Максутоски Армин, Максутоски Асим, Максутоски Елхам,Максутоски Саим,Мерсимоски Анес,Османоски Ирфан,Салкоски Алија,Салкоски Омер,Сефеданоски Шабан,Тафилоски Анел, Тафилоски Емел, Тафилоски Саних, Ќазими Ќазим, Челоски Џемо, Ќазимоски Анес, Ќазимоски Рамис, Беќироски Сенат од ФК„Лабуништа 2011„с. Лабуништа по член 40, во врска со член 5-в.

**Седница од 04.08.2020 година**
**за ОФС Тетово**

- **Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово фудбалерот Имери З. Агон од Фудбалскиот клуб „Тетекс АД„ од Тетово поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Пивич Антонио од Фудбласкиот клуб „Железничар„ од Сараево, Република Босна и Херцеговина за Фудбалксиот клуб „Шкендија АД„ од Тетово по член 35/11 поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор во времетраење од 1 година до ЛПР 2021 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Дополнување на документација од**
**Седница од 23.06.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Ристов Денис од ФК „Силекс АД„ Кратово, по член 35/11.

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Силекс АД„ од Кратово и фудбалерот Ристов Денис склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години, до Летен преоден рок 2022 година.

**Седница од 04.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СИЛЕКС АД„ Кратово: Кировски Љ. Андреј и Додевски Д. Кристијан од ФК „Каменица Саса„ од Македонска Каменица, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Дополнување на документација од**
**Седница од 01.07.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Пејаковиќ Д. Иван од ФК „Нови Пазар„ од Нови Пазар, Република Србија, лпо член 35/11.

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Пејаковиќ Д. Иван склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

**Дополнување на документација од**
**Седница од 07.07.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ПЕЛИСТЕР АД„ Битола: Хот Емсир Анес од ФК „Нови Пазар„ од Нови Пазар, Република Србија, по член 35/11.

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Пелистер АД„ од Битола и фудбалерот Хот Емсир склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметраење од 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА

**Дополнување на документација од**
**Седница од 28.07.2020 година**

- **Склучување на професионален договор:**

ФК „Струга Трим Лум АД„ од Струга и фудбалерот Цаке Клисман склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2022 година.

Забелешка: Фудблскиот клуб „Струга Трим Лум АД„ од Струга достави потребна документација за објавување на наведениот професионален договор со Цаке Клисман и поради тоа Комисијата го објави договоорот. Меѓутоа, ФК „Струга Трим Лум АД„ од Струга должен е да достави Барање од МВР за престој во Република Северна Македонија еден месец пред истекот на престојот на фудбалерот 10.02.2021 година.

**Седница од 30.07.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТРУГА ТРИМ ЛУМ АД„ Струга: Алтипармаковски Марјан од ФК „Пирин„ од Благоевград од Република Бугарија, Ристевски Александар од ФК „Влазниа„ од Скадар од Р. Албанија и Хани Агон од ФК„Славој„ од Република Чешка, по член 35/11.

- **Склучување на професионални договори:**

Фудбалскиот клуб „Струга Трим Лум АД„ од Струга и фудбалерите: Алтипармаковски Марјан, Ристевски Александар и Хани Агон склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

**Седница од 04.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „СТРУГА ТРИМ ЛУМ АД„ Струга: Мециновиќ Јасмин од ФК „Персела Ламонган„ Индонезија, Шабани Арлинд од ФК „Трепча 89„ од Р. Косово, по чл. 35/11. Миленковски Филип од ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип, по член 35/3.

ФК „КАРАОРМАН 2017„ Струга: Тикоски Крсте од ФК „Велешта„ с. Велешта, чл. 35/3.

ФК „БЕЛИЦА„ с. Д. Белица: Шандов Денис, Бојку Едуард од ФК „Влазними„ од Струга, Реџеп Таркан, Соколовски Сами, Бајрамовски Сенад од ФК „Воска Спорт„ од Охрид, Ала Ељхам од ФК „Воска 2002„ од Охрид, по член 35/3.

ФК „КАРАОРМАН„ Струга: Настоски Михаил, по член 35/1.

ФК „ВЕЛЕШТА УНИТЕД„ с. Велешта: Бојку Аргетим, Положани Аљбрим, Шеј Шкељзен, Речи Рилинд, Ода Албион, Беркси Беким, Истрефи Фатион, Хани Бесмир, Хани Гент, Каба Шпетим, Шеху Мухарем, Бектеши Лебитр, Каба Лабинот, Ѓура Блеон од ФК „Велешта„ од с. Велешта, по член 35/3.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбласки сојуз Струга фудбалерите: Абдула Шефкет од ФК „Караорман 2017„ од Струга, Кочоски Валентин од ФК „Струга Трим Лум АД„ од Струга, Митрески Оливер од ФК „Лабуништа 2011„ од с. Лабуништа, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**Дополнување на седница од 04.08.2020 година**

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Струга Трим Лум АД„ од Струга и фудблерот Мециновиќ Јасмин склучија професионален договор во времетраење од 1 (една) година до ЛПР 2021 година.

ФК „Струга Трим Лум АД„ од Струга и фудбалерот Шабани Арлинд склучија професионален договор во времетраење од 2 (две) годиани до ЛПР 2022 година.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат професионалните договори склучени помеѓу ФК „Струга Трим Лум АД„ Струга и фудбалертитре Рамадани Бесир и Малески Христијан, поради неисправни документи од Агенцијата за вработување на РСМ и тоа М1 и М2.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 04.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „РОСОМАН 83„ Росоман: Митрев П. Дане од ФК „Вардар„ од Неготино и Анѓелков Н. Александар од ГФК „Тиквеш 1930„ од Кавадарци, по член 35/3. Миланов М. Бојан и Костовски К. Стефан од ФК „Пелистер АД„ од Битола, Темков А. Благој и Ѓорѓиев П. Игор од ФК „Марена„ Марена, по чл. 35/10.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛАСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 04.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „КИТ ГО ПЕХЧЕВО„ Штип: Јусуф Е. Алпај од ФК „Силекс АД„ од Кратово, чл. 35/3.
ФК „БРЕГАЛНИЦА 2008 АД„ Штип: Шопоски Р. Сашо од ФК „Пелистер АД„ од Битола, Коцевски Н. Андреј, Черкезоц Р. Лазар, Ефремов Т. Јован, Велинов Даниел, Тосев О. Јован, Аџиев Марио, Миташев И. Филип, Колев Љ. Петар, Троицки А. Максим, Гогов Г. Пане, од ФК „Академија Постолов„ Штип, Пачемски Ј. Душан, Д. Ненад, Атанасов Н. Мартин, Хаџи-Кимов П. Благој,Милошев М. Давид, од ФК „Мал Ајакс-Вардар„ Штип и Јованов А. Дарко од ФК „Детонит Јуниор„ од Радовиш, по член 35/3.

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Брегалница 2008 АД„ од Штип и фудбалерот Ацкоски Слободан Кристијан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во врметраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2022 година.

ФК „Кит Го Пехчево„ Штип и фубалерот Мичковски Витанчо Тони склучија договор за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 5 (пет) години, до Летен преоден рок 2025 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седница од 03.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БОГОРОДИЦА 2020„ с. Богородица: Папучиев М. Роберт, Папучиев З. Ристе и Делиџаков Д. Димитар од ФК „Кожуф„ од Гевгелија, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУМИЦА

**Седница од 04.08.2020 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ТИВЕРИЈА СТРУМИЦА„ Струмица: Јосифова М. Ива, по член 35/1.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Трпановски Н. Кристијан од ФК „Железарние„ од Подбезова, Република Словачка за ФК „Академоја Пандев АД„ Струмица по член 35/11, поради некомплетна документација.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ „ГАЗИ БАБА„ СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 04.08.2020 година**

- **Регисрација на фудбалери:**

ФК „СКОПЈЕ АД„ Скопје: Сулејмани Х. Енсар од ФК „Вардар„ од с. Форино, Иво Т. Јанакиевски од ФК „Тетекс АД„ од Тетово, по член 35/3.

ФК „ВАРДАР АД„ Скопје: Петковски С. Филип од ФК „Скопје АД„ Скопје, по чл. 35/10. Велкоски В. Виктор од ФК „Работнички АД„ од Скопје, Блажевски Б. Дејан од ФК „Македонија ЃП 1932 АД„ од Скопје, по член 35/3.

ФК „РАБОТНИЧКИ АД„ Скопје: Стојковски Б. Кристијан од ФК „Академија Пандев АД„ од Струмица, Зука Ф. Фисник од ФК „Ренова АД„ од Тетово, Муарем Р. Муарем, Лазаревкси Н. Филип од ФК„Шкупи 1927 АД„Скопје,по чл. 35/3. Ѓурѓевиќ Р. Фахрудин од ФК„Храдец Кралове„ Република Чешка,по чл. 35/11

- **Склучување на професионални договори:**

ФК „Работнички АД„ од Скопје и фудбалерите: Муарем Муарем, Лазаревски Филип, Ѓурѓевиќ Фахрудин и Пецов Христијан, склучија договори за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од по 1 (една) година до Летен преоден рок 2021 година.

ФК „Работнички АД„ Скопје и фудбалерот Вецески К. Христијан склучија договор за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал во времетраење од 2 (две) години до Летен преоден рок 2022 година.

- **Раскин на професионален договор:**

Фудбалскиот клуб „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерот Тошевски Т. Кристијан го раскинаа договорот за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

- **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалкси сојуз „Гази Баба„ од Скопје, фудбалерите: Тошевски Т. Кристијан од ФК „Вардар АД„ од Скопје, Личина Е. Даниел од ФК „Форца Вардар„ од Скопје, Благевски Лео од ФК „Гроздановски Илинден„ од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуваат договорите за вработување на фудбалери за професионално занимавање со фудбал склучени помеѓу Фудбалскиот клуб „Вардар АД„ од Скопје и фудбалерите: Велковски В. Виктор, Блажевски Б. Дејан и Илиќ С. Филип во времетраење од по 6 месаеци, бидејќи во Летните преодни рокови,почнувајќи од Летен преоден рок 2019 година па во иднина професионалните договори во Летен преоден рок се склучуваат до крајот на наредниот преоден рок (наредната натпреварувачка сезона), најмалку на една година. Во времетраење од 6 месеци професионален договотр може да се склучи само во Зимските преодни рокови (до крајот на тековната натпреварувачка година).

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1701/3
30.07.2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа на седницата одржана на ден **21.07.2020** година и тоа:
   - Одлука со деловоден број 0202-1675/2
   - Одлука со деловоден број 0202-1675/3
2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.
3. Одлуката ќе се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2020 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1701/3

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1701/4
30.07.2020 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојуваат Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ за натпреварувачка сезона 2020/2021 година.

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката и Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ за натпреварувачка сезона 2020/2021 година ќе се објават во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2020 година, имајќи го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2020/2021 година, ги разгледа пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ за натпреварувачката 2020/2021 година, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1701/6
30.07.2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува листа на делегати за натпревари од Прва, Втора МФЛ Запад и Втора МФЛ Исток за натпреварувачка сезона 2020/2021 година.

2. Одлуката и Листата на делегати за натпреварувачка сезона 2020/2021 ќе се објават во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2020 година, имајќи го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2020/2021 година, ги разгледа предлозите за делегати на натпревари, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1701/8
30.07.2020 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Времено се менува одредбата од член 10 став 3 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ и истата гласи:

„Фудбалерите смеат да бидат регистрирани за најмногу три клубови во текот на една сезона. За време на овој период, фудбалерот има право на настап за три клуба на официјални натпревари, согласно ФИФА Правилникот за статус и трансфер на играчи.

2. Измената од т.1 на оваа Одлука ќе се применува за времетраење на натпреварувачката година 2020/21 година, по што престанува да важи.

3. Одлуката стапува на сила веднаш.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2020 година, го разгледа предлогот за измена на одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

Предлогот се однесува на измена на член 10 став 3 , со цел усогласување со одлуката на ФИФА како ковид 19 мерка за времена измена на правилото со кое Фудбалерите смеат да бидат регистрирани за најмногу три клубови во текот на една сезона а имаат право на настап за два клуба на официјални натпревари.

По разгледување на предлогот, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1701/9
30.07.2020 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2020 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**1.** Во делот на дефиниции во Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ се утврдува нова дефиниција под точка 12 Трансфер со премостување (bridge transfer) која гласи:

12.Трансфер со премостување (bridge transfer): било кои два последователни трансфери на еден фудбалер, национални или меѓународни, поврзани еден со друг а кои опфаќаат и регистрација на фудбалерот за клуб помеѓу, со цел заобиколување на примената на соодветните правила и прописи и / или измама на друго лице или субјект .

**2.** Се менува став 2, римско II , точка 3 од **член 11** од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ; се прави техничка исправка на римско IV во точка б)

**2.1**

Став 2, римско II , **точка 3** се менува и гласи:

**3.** исписница од претходниот клуб со уредно пополнети податоци или :

а) барање за исписница поднесено во преоден рок согласно одредбите на овој Правилник кога фудбалерот е аматер;

б) барање за исписница поднесено во преоден рок согласно одредбите на овој Правилник кога фудбалерот е професионалец под услов во тој преоден рок да му завршува професионалниот договор или договорот да е раскинат спогодбено;

Во барањето за исписница неопходно е да се впишат сите податоци кои се предвидени со образецот на исписницата.

**2.2**

во став 2, римско IV, алинеа б)

се прави исправка на бројот на точките , последните три точки кои носат број 5, 6 и 7 стануваат 6, 7 и 8.

**3.** Се менува **член 14** од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ на начин што во ставот 16 се бришат зборовите „и стипендиски" и истиот гласи:

Како исписница може да се користи одлуката за раскин на штета на клуб на професионален договор.

**4.** Во Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ се додава нов член **21 а,** со 5 става кој гласи:

Добиеното барање преку ТМС за сертификат на фудбалер аматер ќе има статус на поднесено барање за исписница во преоден рок и Барање за брисовница.

ТМС менаџерот има обврска до го проследи Барањето за издавање на сертификат на фудбалерот аматер до ОФС и клубот а клубот треба да се произнесе до ОФС и ТМС менаџерот во рок од 5(пет) дена за евентуалните пречки за издавање на сертификатот, непроизнесувањето не го одложува издавањето на сертификатот.

ОФС, по произнесување на клубот, во рокод 5(пет) дена од денот на доставеното Барање за издавање на сертификат има обврска фудбалерот да го избрише од регистарот на фудбалери.

Непроизнесувањето на клубот во дадениот рок не го одложува издавањето на сертификатот ниту бришењето од регистар.

Фудбалерот аматер за кој е побаран сертификат има обврска да ја уплати предвидената такса за бришење од регистарот на фудбалери на ОФС, обврската за уплата не го одложува издавањето на сертификатот.

**5.** Во Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ се додава нов член **28 а**, со 3 става кој гласи:

Ниту еден клуб ни фудбалер не смее да биде вклучен во трансфер со премостување (bridge transfer),трансферот со премостување е забранет.

Ќе се претпостави, доколку во период од 16 недели еден фудбалер има два последователни национални или меѓународни трансфери (како во дефиниција т.12), освен ако не се утврди спротивното, дека клубовите и фудбалерот што биле вклучени учествувале во трансфер со премостување (bridge transfer).

Во согласност со Дисциплинскиот код на ФИФА, Дисциплинскиот комитет на ФИФА а за националните трансфери и Дисциплинската комисија на ФФМ ќе ги санкционираат страните- субјект на дисциплинска одговорност према правилата на ФИФА и ФФМ , вклучени во трансферот со премостување.

**6.** Се менува член **49** од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ на начин што:

**6.1** во став 2 зборот три се менува со зборот пет;

**6.2** во став 2 се додаваат две нови точки: г и д кои гласат:

**г)** Фудбалерот ја напуштил својата земја на потекло без неговите родители, од хуманитарни причини, заради закана по неговиот живот или слобода од расни,

верски, национални причини или поради припадност на одредена социјална група или поради политичко мислење заради што од надлежните органи има добиено најмалку привремен престој.

**д)** Фудбалерот е ученик кој привремено престојува во друга земја без своите родители од академски причини со цел посетување на соодветна училишна програма преку размена на програми. Регистрацијата на фудбалерот за новиот клуб кој мора да биде само аматерски клуб без професионална екипа или било каков линк со професионален клуб, трае до навршување на 18 годишна возраст или до крајот на програмата/училишната година под услов програмата да не надмине 1 (една) година.

**6.3** Во став 3 се менува зборот „условите" со зборот „одредбите" и на крајот од ставот се додаваат зборовите „ и не живеел таму во континуитет најмалку последните пет години" и истиот гласи:

„Одредбите од овој член ќе се применуваат и на секој фудбалер кој порано не бил регистриран ниту за еден клуб и кој не е државјанин на земјата во која сака да се регистрира по прв пат и не живеел таму во континуитет најмалку последните пет години"

**6.4** Во став 4 на крајот од ставот се додаваат зборовите„ доколку малолетникот има најмалку 10 години" и истиот гласи:

„ За секој меѓународен трансфер кој се врши во согласност со ставот 2. и за секоја прва регистрација која се врши во согласност со ставот 3. потребна е согласност на подкомисијата на ФИФА која за таа цел ја именува Комисијата за статус на фудбалери на ФИФА доколку малолетникот има најмалку 10 години.

**6.5** Ставовите 8 и 9 се бришат;

**6.6** На член 49 му се додаваат три нови става 8,9 и 10 кои гласат:

(8) Доколку клуб поднесе барање за регистрација на малолетник помлад од 10 години , асоцијацијата ќе го регистрира откако без никаков сомнеж ќе утврди дека се исполнети сите услови од став 2 или е исполнето правилото на 5 години од став 3.

(9) Под специјални околности, асоцијацијата може да побара од под-комисијата на ФИФА, одлука со која се овозможува лимитиран исклучок за малолетници LME, како што е опишано во член 19 од Правилникот за статус и трансфер на фудбалери на ФИФА.

(10) Дисциплинската комисија на ФИФА, во согласност со Дисциплинскиот Код на ФИФА.може да изрече санкци на сите инволвирани заради непочитување на оваа одредба и одредбите од член 19 од Правилникот за статус и трансфер на фудбалери на ФИФА.

7. Одлуката стапува на сила веднаш.

8. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

Управен одбор

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2020 година, го разгледа предлогот за измена на одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ. Предлогот се однесува на измени во дефинициите, на член 11, член 14 , дополнување на Правилникот со нови членови 21а и 28а и измена и дополна на член 49 од Правилникот.

Управниот одбор утврди дека во член 11 и 14 има измени од технички карактер и измени заради усогласување со измените во член 20 и член 36 од Правилникот.

Дополнувањето на Правилникот со нови одредби , член 21а и 28 а, се должи на усогласување со Правилникот на ФИФА за статус и трансфер. Во Член 21а , се уредува рамка за постапување со цел да се запазат роковите за доставување на сертификат преку ТМС системот.

Член 28 а, уредува нова состојба предвидена со Правилникот на ФИФА за статус и трансфер а се однесува за забрана на учество во премостување на трансфер со цел заобиколување на примената на соодветните правила и прописи и / или измама на друго лице или субјект .

Член 49 се усогласува со измените на член 19 од Правилникот на ФИФА за статус и трансфер а кои се однесуваат на регистрација на малолетници.

По разгледување на предлогот, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател**
Муамед Сејдини

ФФМ

Управен одбор

ФФМ ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1701/10
30.07.2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2020 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се усвојува Календарот за натпреварување во Прва ЖФЛ за натпреварувачка сезона 2020/2021 година.

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката и Календарот за натпреварување во Прва ЖФЛ за натпреварувачка сезона 2020/2021 година ќе се објават во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2020 година, имајќи го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2020/2021 година, го разгледа Календарот за натпреварување во Прва ЖФЛ за натпреварувачка сезона 2020/2021 година, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1701/12
30.07.2020 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува Календарот за натпреварување во млади категории за натпреварувачка сезона 2020/2021 година.

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката и Календарот за натпреварување во млади категории за натпреварувачка сезона 2020/2021 година ќе се објават во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2020 година, имајќи го во предвид почеток на натпреварувачка сезона 2020/2021 година, го разгледа Календарот за натпреварување во млади категории за натпреварувачка сезона 2020/2021 година, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1701/14
30 07 2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со спроведување на Пропозициите за натпреварување во млади категории за сезоната 2020/21, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува предлогот на Младинската комисија на ФФМ за усвојување на барањата за учество во натпреварувањето во млади категории со категориите пионери и помлади пионери на фудбалските клубови со сениорски екипи во Втора МФЛ Исток: ФК Росоман 83 Росоман и ФК Слога 1934 Виница.

2. Одлуката стапува на сила веднаш .

3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Фудбалските клубови со сениорски екипи во Втора МФЛ Исток согласно Правилникот за натпреварување и Правилникот за лиценцирање на клубови доставија пријави за учество на екипи во млади категории. Дел од клубовите доставија пријави за учество во категоријата пионери и помлади пионери.

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 30.07.2020 година, ги разгледа пријавите на наведените клубови како и предлогот на Младинската комисија на ФФМ по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202 1701/14

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1701/15
30 07 2020 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ а во врска со спроведување на Пропозициите за натпреварување во млади категории за сезоната 2020/21, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.07.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува предлогот на Младинската комисија на ФФМ за влез на ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци во повисок ранг во натпреварувањето во млади категории .
2. ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци во сезоната 2020/21 ќе се натпреварува во Втора лига во млади категории со категориите: младинци, кадети, пионери и помлади пионери.

3 Одлуката стапува на сила веднаш .

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Младинската комисија на ФФМ до УО на ФФМ достави документација и предлог одлука за вклучување на ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци во повисок ранг во натпреварувањето во млади категории. Комисијата утврдила дека покрај ФК Кул Здравје кој пројавил интерес во зададениот рок и ги има исполнето спортските услови за пласман во повисок ранг – прворангиран на замрзнатата табела до прекинот на натпреварувањето, интерес има пројавено и ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци. ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци е второрангиран на замрзнатата табела во категоријата пионери и помлади пионери. Со оглед дека по откажување од натпреварување на екипата на ФК Милано од Куманово едно место е испразнето Комисијата му предлага на Управниот одбор да се усвои барањето на ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци за натпреварување во Втора лига во млади категории.

Управниот одбор на ФФМ го разгледа предлогот на Младинската комисија на ФФМ и барањето од ГФК Тиквеш 1930 Кавадарци и по утврдување дека постојат услови клубот да се натпреварува во Втора лига во млади категории донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Муамед Сејдини

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата



**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**